# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ ЕКСКУРЗИИ

## ВО УЧЕБНАТА 2025/26 ГОДИНА

### ООУ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – ЦЕНТАР, СКОПЈЕ

| | | |
|---|---|---|
| **24.09.2025**<br>**Есенски излет**<br>Градски парк, Скопје<br>370 ученици | **16.04.2026**<br>**Пролетен излет**<br>Сарај, Скопје<br>336 ученици | **04-06.05.2026**<br>**IX одделение**<br>Тетово, Маврово, Струга, Охрид |
| **06-07.05.2026**<br>**VI одделение**<br>Радовиш, Струмица, Дојран, Стоби | **03-05.06.2026**<br>**V одделение**<br>Крушево, Битола, Охрид, Вевчани | **2025/26**<br>**Заклучок**<br>Успешна и безбедна реализација |

**СОДРЖИНА**


- Еднодневен есенски излет во Градскиот парк во Скопје
- Еднодневен пролетен излет во Сарај – Скопје
- Тридневна настава во природа со учениците од IX одделение
- Дводневна екскурзија со учениците од VI одделение
- Реализирана настава во природа за учениците од V одделение
- Заклучок

# ВОВЕД

Врз основа на Годишната програма за работа на училиштето ООУ „Св. Кирил и Методиј“ – Центар за учебната 2025/26 година и со одлука на Училишниот одбор, се изготви Програма за реализација на екскурзии за учениците од I до IX одделение за учебната 2025/26 година. Од предвидените екскурзии во програмата се реализираше следното:

# ЕДНОДНЕВЕН ЕСЕНСКИ ИЗЛЕТ ВО ГРАДСКИОТ ПАРК ВО СКОПЈЕ

| | |
|---|---|
| **Датум** | 24.09.2025 година |
| **Локација** | Градски парк, Скопје |
| **Времетраење** | 1 (еден) ден |
| **Учесници** | 370 ученици од I до IX одделение |
| **Одговорен наставник** | Драган Станојковски |

Целта на овој еднодневен излет со забавно-рекреативен карактер беше рекреација на учениците во природа, развивање интерес за природата и градење еколошки навики.

## Образовни цели

- да се утврдат основните знаења за историските настани, појави, процеси и личности од националната историја;
- да се запознаат учениците со остатоците од средновековието и нивното значење;
- да се цени културното наследство на својот народ, а со тоа и на другите народи;
- да се поттикнува чување, негување и презентирање на културните вредности.

## Воспитни цели

- развивање љубов кон татковината и нејзините вредности;
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- поттикнување и исполнување на позитивни емоционални доживувања;
- дружење и споделување добри спомени;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

На излетот беа изведени следните активности: колективни игри, фудбал, одбојка, кошарка, народна топка, играње ластик и играње на јаже. Социјализацијата, како важен фактор, овозможи развивање спортски потреби, како и согледување на значењето на здравјето и здравите стилови на живеење.

| | |
|---|---|
| **Финансирање** | Еднодневниот излет беше финансиран од родителите. |
| **Безбедност** | За безбедноста на учениците, покрај класните раководители на одделенијата, се грижеше и вработен од агенција за обезбедување во нашето училиште. |

# ЕДНОДНЕВЕН ПРОЛЕТЕН ИЗЛЕТ ВО САРАЈ – СКОПЈЕ

| | |
|---|---|
| **Датум** | 16.04.2026 година |
| **Локација** | Спортски центар Сарај |
| **Времетраење** | 1 (еден) ден |
| **Учесници** | 336 ученици од II до IX одделение |
| **Одговорен наставник** | Драган Станојковски |

Целта на овој еднодневен излет со забавно-рекреативен карактер беше рекреација на учениците во природа, развивање интерес за природата и градење еколошки навики.

## Образовни цели

- да се утврдат основните знаења за историските настани, појави, процеси и личности од националната историја;
- да се запознаат учениците со остатоците од средновековието и нивното значење;
- да се цени културното наследство на својот народ, а со тоа и на другите народи;
- да се поттикнува чување, негување и презентирање на културните вредности.

## Воспитни цели

- развивање љубов кон татковината и нејзините вредности;
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- поттикнување и исполнување на позитивни емоционални доживувања;
- дружење и споделување добри спомени;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

На излетот беа изведени следните активности: колективни игри, фудбал, одбојка, кошарка, народна топка, играње ластик и играње на јаже. Социјализацијата, како важен фактор, овозможи развивање спортски потреби, како и согледување на значењето на здравјето и здравите стилови на живеење.

| | |
|---|---|
| **Финансирање** | Еднодневниот излет за учениците од II до IX одделение беше финансиран од родителите. |
| **Безбедност** | За безбедноста на учениците, покрај класните раководители на одделенијата, се грижеше и вработен од агенција за обезбедување во нашето училиште. |

# ТРИДНЕВНА НАСТАВА ВО ПРИРОДА СО УЧЕНИЦИТЕ ОД IX ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Период** | 04.05. до 06.05.2026 година |
| **Регион** | Западна Македонија |
| **Локации** | Тетово, Маврово, Струга и Охрид |
| **Сместување** | хотел „Конгресен центар“ 3* во Охрид |
| **Техничка организација** | туристичка агенција „Кондор“ |
| **Одговорни наставници** | Ирена Т. Пановска и Бојана Бачоска |

Тридневната настава во природа за учениците од IX одделение беше реализирана во регионот на Западна Македонија, во времетраење од 3 (три) работни дена. Во реализацијата учествуваа учениците од IX одделение, одговорните одделенски раководители, туристички водич, лекар и обезбедување.

## Образовни цели и задачи

- проширување на знаењата стекнати за време на деветгодишното образование;
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во различни краеви на државата;
- развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;
- подобрување на социјализацијата;
- поттикнување меѓусебно разбирање и толеранција.

## Активности и содржини по денови

| | |
|---|---|
| **Прв ден** | Скопје – Тетово – Маврово – Св. Јован Бигорски – Струга – Охрид. Поаѓањето беше реализирано во 08:00 часот пред училишната зграда. Се патуваше преку Тетово, каде што беше посетена Шарената џамија. Потоа следуваше посета на Гостивар и панорамско разгледување на Полошката Котлина. Беше направена кратка пауза во Маврово, посета на манастирот „Св. Јован Бигорски“, панорамско разгледување на кањонот на реката Радика, ХЕЦ „Шпиље“ и Глобочица. Пристигнавме во Струга, каде што учениците ги видоа Мостот на поезијата и кејот на реката Црн Дрим, а потоа се продолжи кон Охрид. |
| **Втор ден** | Охрид – Заливот на коските – Св. Наум – Охрид. Учениците заминаа кон Заливот на коските, каде што слушаа предавање од археолог за значењето на наколното живеалиште покрај Охридското Езеро. Потоа беше посетен манастирот „Св. Наум Охридски“ и изворите кај Св. Наум. По посетите следуваше враќање во хотелот, ручек, спортски активности, прошетки покрај езерото, вечера и диско-забава. |
| **Трет ден** | Охрид – Скопје. Беа посетени Билјанините Извори, Канео, црквата „Св. Софија“, Плаошник, црквата „Св. Пантелејмон“, Самоиловата тврдина, Античкиот театар и работилницата за рачна изработка на хартија во Варош. Пред заминувањето беше реализирана прошетка низ Старата чаршија и беше посетен стариот чинар. Во Скопје пристигнавме во 19:00 часот. |

## Цели на тридневната настава во природа

1. Проширување на знаењата стекнати за време на деветгодишното образование.
2. Развивање интерес за природата и градење еколошки навики.
3. Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во различни краеви на државата.
4. Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности.
5. Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.
6. Подобрување на социјализацијата.
7. Поттикнување меѓусебно разбирање и толеранција.

# ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА СО УЧЕНИЦИТЕ ОД VI ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Период** | 06.05. до 07.05.2026 година |
| **Времетраење** | 2 (два) дена |
| **Правец** | Скопје – Радовиш – Струмица – Колешино – Дојран – Стоби – Скопје |
| **Сместување** | хотел „Полин“ |
| **Одговорни наставници** | Андријана Грујоска и Валентина Лена Вељан |

## Активности и содржини по денови

| | |
|---|---|
| **Прв ден** | Поаѓањето беше закажано во 08:30 часот од училишниот двор. Од Скопје се упативме кон Радовиш, каде што ја посетивме црквата „Св. Троица“. Потоа го посетивме Вељушкиот женски манастир „Св. Богородица“, Колешинските водопади и фабриката за слатки „Колид“, каде учениците се запознаа со процесот на производство и дегустираа дел од производите. Патувањето продолжи кон Стар Дојран, каде што се сместивме во хотелот „Полин“. По вечерата следуваше заедничка дружба и забава. |
| **Втор ден** | По појадокот го посетивме Природно-научниот музеј во Стар Дојран, манастирот „Св. Марија Магдалена“ и црквата „Св. Илија“. По ручекот тргнавме кон Археолошкиот локалитет Стоби, каде што учениците се запознаа со историјата и културното значење на античкиот град. Околу 17:00 часот тргнавме назад кон Скопје и пристигнавме околу 18:30 часот. |

## Цели на дводневната екскурзија

1. Проширување на знаењата стекнати за време на деветгодишното образование преку непосредно запознавање со природни и општествени појави и односи.
2. Развивање интерес и љубов кон природата и создавање еколошки навики.
3. Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во различни краеви на државата.
4. Поттикнување позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности.
5. Развивање интерес за спортски активности, рекреација и градење навики за здрав начин на живот.
6. Подобрување на процесот на социјализација.
7. Поттикнување меѓусебно разбирање и толеранција.

# РЕАЛИЗИРАНА НАСТАВА ВО ПРИРОДА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД V ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Период** | 03.06. до 05.06.2026 година |
| **Правец** | Крушево – Битола – Охрид – Вевчани – Струга – Скопје |
| **Сместување** | хотел „Амбасадор“ – Охрид |
| **Одговорни наставници** | Биљана Стојановска и Ана Ачковиќ |

Наставата во природа беше организирана со цел учениците, преку непосредно набљудување, истражување и практични активности, да ги прошират своите знаења од повеќе наставни предмети, да развиваат социјални вештини и да стекнат нови искуства надвор од училницата.

| Активности и содржини по денови | |
|---|---|
| **Прв ден** | Поаѓањето беше во 09:00 часот пред училиштето. Првата дестинација беше Крушево, каде беше реализирана посета на Спомен-куќата на Тоше Проески, споменикот Илинден – Македониумот и Мечкин Камен. Патувањето продолжи кон Битола, со прошетка по Широк Сокак и разгледување на Саат-кулата. Во попладневните часови групата пристигна во Охрид и се смести во хотелот „Амбасадор“. По вечерата беше организирана вечерна забава. |
| **Втор ден** | По утринската гимнастика и појадокот учениците заминаа во разгледување на културно-историските знаменитости на Охрид: Античкиот театар, Самоиловата тврдина, Старата чаршија, Куќата на Робевци, Чинарот и Плаошник. Учениците собираа материјали и бележеа информации кои подоцна ги искористија за изработка на книга и извештаи. Во вечерните часови беше организирана забавна програма. |
| **Трет ден** | Учениците заминаа на прошетка и посета на Вевчани и Вевчанските Извори. Го посетија и Домот на културата во Вевчани, каде проследија изложба поврзана со Вевчанскиот карневал, како и изложба за растителниот и животинскиот свет. Дополнително беше реализирана и посета на Струга, со посебно внимание на реката Црн Дрим и културното наследство на градот. По ручекот следуваше поаѓање кон Скопје. |

Наставата во природа беше успешно реализирана согласно планираната програма. Учениците покажаа голем интерес за сите активности, активно учествуваа во посетите, истражувањата и работилниците и стекнаа нови знаења за природните, културните и историските богатства на нашата држава.

Покрај образовната компонента, учениците развиваа самостојност, одговорност, соработка и позитивни меѓусебни односи. Реализацијата на наставата во природа придонесе за збогатување на воспитно-образовниот процес и претставуваше значајно и незаборавно искуство за сите ученици.

# ЗАКЛУЧОК

Реализираните излети, екскурзии и настави во природа во учебната 2025/26 година беа спроведени согласно Годишната програма за работа на училиштето и Програмата за реализација на екскурзии.

Учениците имаа можност преку непосредно набљудување, истражување, рекреативни, спортски, културни и воспитно-образовни активности да стекнат нови знаења и искуства, да ги прошират веќе стекнатите знаења и да развијат позитивен однос кон природните, културните и историските богатства на нашата држава.

Посебно значење имаа активностите поврзани со социјализацијата, меѓусебната соработка, развивањето одговорност, самостојност, толеранција и здрави животни навики. Сите активности беа реализирани успешно, безбедно и во согласност со предвидените програмски цели.

| | |
|---|---|
| **Одговорен наставник за изготвување на извештајот** | Драган Станојковски |